Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ........ 42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ........ 49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ........ 50



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНО ПОЛЕ/ОБЛАСТ КЛИНИЧКИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип на 29.9.2011 година донесе Одлука број 2502-101/52 и 2502-106/3 од 13.10 2011 година за распишување на Конкурс за избор на асистент за научно поле/област ***клинички медицински науки*** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На 4.11.2011 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-112/9 и Решение број 2502-112/19 за претседател, 2502-112/20 за член и 2502-112/21 за член за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област *клинички медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

– проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор,
– проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор,
– проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 25.10.2011 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатките д-р Марија Караколевска-Илова, д-р Андријана Штерјовска-Алексовска и д-р Марија Димитровска-Иванова. Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Димитровска-Иванова** е родена на 23 јули 1982 год. во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип (гимназија „Славчо Стојменски“, насока Природно-математичка, 1997-2001 год.) со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Р. Македонија се запишува во учебната 2001/2002 год. и дипломира на 3 декември 2007 год. со просечен успех 8,90 и се здобива со стручен назив - доктор на медицина. По положувањето на стручниот државен испит на 26 јуни 2008 година од страна на Лекарската комора на Република Македонија се здобива со лиценца за работа. По дипломирањето во ноември 2008 година се вработува како помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Од 1 мај 2010 година започнува со специјализација по педијатрија на Клиниката за детски болести при Медицинскиот факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Стојка Нацева-Фуштиќ. Како специјализант редовно ги извршува работните обврски, активно е вклучена во сменската работа и редовно ја посетува наставата што Катедрата по педијатрија ја организира за специјализантите. До денес успешно ги извршува работните обврски како помлад асистент на Факултетот за медицински науки – Штип.

Учесник е на голем број конгреси, семинари и работилници во земјава.

Автор и коавтор е на повеќе теми поврзани со медицината и педијатријата.

Член е на Здружението на педијатри на Р. Македонија, Лекарска комора на Р. Македонија и Македонското лекарско друштво.

Има одлично познавање од англиски јазик и компјутерски вештини.

***Научни трудови (автор и коавтор)***

1. Вродени аномалии на лице и уста - Димитровска-Иванова М., Зисовска Е., Медикус, јануари 2012 г.
2. Цистична фиброза: Клиничка презентација, дијагноза и третман – Димитровска-Иванова М, Караколевска-Илова М. Димитровска Љ., - прифатено за објавување во априлски број на Медикус 2012 г.
3. Карцином на простата – Караколевска-Илова М., Димитровска-Иванова М. - прифатено за објавување во априлски број на Медикус 2012 г.

***Учество на стручни состаноци, работилници, семинари и конгреси:***

1. „Коронарна артериска болест" – Стручен состанок – Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија, Скопје, 17.10.2008 година.
2. „Депресивните растројства во ординацијата на лекарот од примарната здравствена заштита" – Работилница - Здружение на психијатри на Република Македонија, Штип, ноември 2008 година.
3. „Хипертиреоидизам" - Стручен состанок - Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина, специјалисти по медицинска биохемија, Скопје, 14.11.2008 година.
4. „Неонатален скрининг на вродените нарушувања на метаболизмот" – Годишен состанок - Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина, специјалисти по медицинска биохемија, Скопје, 12.12.2008 година.
5. „Современ менаџмент на остеопорозата" - Стручен состанок - Македонско здружение за остеопороза - Штип, март 2009 година.
6. „Хематолошки и биохемиски иследувања на лимфопролиферативните заболувања и примена на матични клетки во терапија на лимфоми и леукемии" – Стручен состанок – Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина, специјалисти по медицинска биохемија - Скопје 24.4.2009 година.
7. „Редовен стручен состанок организиран од Универзитетска клинка за кардиологија" – Скопје, април 2009 година.
8. „Статини во превенција и третман на коронарната атеротромбоза" – Стручен состанок – Здружение на лекари по општа медицина - Штип, мај 2009 година.
9. „Имуномодулатроски својства на витамин Ц, новини во метаболизмот на железото, витамин Ц и феродефицитарна анемија" – Работилница – Здружение на педијатри на Р. Македонија - Штип, 19.3.2010 година.
10. „Молекуларни и биохемиски маркери за дијагноза на хепатитис Б" – Стручен сосотанок – Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија – Скопје, 14.5.2010 година.
11. „Лабораториска дијагностика на артериската хипертензија" – Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија – Скопје, 22.10.2010 година.
12. „Брза и ефикасна контрола на крвавења кај лица со вродена и стекната хемофилија и инхибитори" – Здружение на хематолози на Р. Македонија -Штип, 27.10.2010 година.
13. „Улогата на хистохемијата и биохемијата во дијагнозата на туморите" – Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија, Здружение на патолози на Република Македонија - Скопје, 25 ноември 2010 година.
14. „Жолто бебе" – Научна работилница – Национална фондација за трансплантација, Министерство за здравство на Република Македонија, Здружение на педијатрите на Македонија - Скопје, 27 ноември 2010 година.
15. Семинар по интензивна нега и терапија – Медицински факултет - Скопје, Катедра по педијатрија, Лекарска комора на Република Македонија - Скопје 11-15 април 2011 година.
16. „Цистична фиброза" – Работилница – Медицински факултет - Скопје, Катедра за педијатрија - Скопје, 12.5.2011 година.

17. Семинар по детска ендокринологија - Медицински факултет - Скопје, Катедра по педијатрија, Лекарска комора на Република Македонија - Скопје, 15-20 мај 2011 година.
18. „Енуретично дете“ - Работилница – Медицински факултет - Скопје, Катедра за педијатрија - Скопје, 28.5.2011 година.
19. V Конгрес на Здружение на педијатри на Република Македонија со меѓународно учество – Охрид, 5-9 октомври 2011 година.
20. „Хомоцистеинемија, СЕТР И КАБ“ – Стручен состанок - Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија – Скопје, 28.10.2011 година.
21. Семинар по детска кардиологија – Медицински факултет - Скопје, Катедра по педијатрија, Лекарска комора на Република Мкедонија - Скопје, 14-18 ноември 2011 година.
22. „Дијагностички модалитети кај пациенти со хронична опструктивна белодробна болест“ - Стручен состанок - Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина, специјалисти по медицинска биохемија –Скопје, 25.11.2011 година.
23. Семинар по детска неврологија – Медицински факултет - Скопје, Катедра за педијатрија - Скопје, 12-16 декември 2011 година.
24. „Трансплантација во Македонија“ – Невозможна мисија? - Стручен состанок - Македонско лекарско друштво, Здружение на доктори по медицина специјалисти по медицинска биохемија – Скопје, 23.12.2011 година.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Караколевска-Илова** е родена на 1 септември 1978 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип (гимназија „Славчо Стојменски“, насока Природно-математичка, 1993-1997 год.) со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Р. Македонија, се запишува во учебната 1997/1998 год. и дипломира на 17 септември 2003 год. со просечен успех 9,3 и се здобива со стручниот назив: доктор на медицина. За време на студиите во рамките на програмата за размена на студенти остварува едномесечен престој во “St. Lucka’s Hospital“ во Малта на Одделението за малигни заболувања во детска возраст. По положувањето на стручен државен испит на 21 септември 2004 година се здобива со работна лиценца. По дипломирањето работи како лекар во Приватната здравствена установа за општа медицина и ортопедија „Д-р Лазо Киров“ – Штип, во период од октомври 2004 до јануари 2006 година. Во октомври 2007 година успешно го завршува курсот по прва помош: СБМО-ООЖ/АНД за спасители од Европскиот совет за ресусцитација. Во периодот од февруари 2006 до септември 2008 година работи како лекар во Службата за итна медицинска помош и домашно лекување при Здравствен дом – Штип. Во декември во учебната 2007-2008 година се запишува на постдипломски студии на Медицинскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на област пулмоалергологија. Во октомври 2008 година се вработува како помлад асистент на научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. На 15 октомври 2009 година започнува со специјализација по онкологија и радиотерапија на Клиниката за онкологија и радиотерапија при Медицинскиот факултет во Скопје. Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје на својата 9. редовна седница, одржана на 27.10.2011 год., по предлог на Одборот за постдипломски студии на Медицинскиот факултет донесе Одлука за подобност за изработка на магистерски труд на тема „*Разлики на плевралните изливи кај болни со примарен белодробен карцином и примарен малиген тумор на плеврата*“. До денес успешно ги извршува работните обврски како помлад асистент на Факултетот за медицински науки – Штип.

Учесник е на голем број конгреси, семинари и работилници во земјава.

Член е на Лекарска комора на Р. Македонија, Македонското лекарско друштво, Европсиот совет за онкологија – ЕСМО, Европскиот совет за радиотерапија – ЕСТРО и Невладината организација за борба против ракот „Самосвест“.

Има одлично познавање на англиски јазик и компјутерски вештини.

***Учество на стручни состаноци, курсеви и семинари*:**

1. Онколошка работилница, Охрид, 9-11 декември 2011.
2. Семинар за изработка на квалитетен проект предлог: SBTB – "Cross border institution building training on how to design quality project proposals". Штип, 31.8 – 2.9.2011 година.
3. Стручен состанок на невролози на Р.Македонија, Скопје, октомври 2011.
4. Стручен состанок на тема „Хипертензија кај главоболки и мозочни удари", Скопје, септември 2011 година.
5. Мултидисциплинарна конференција на тема „Епидемилогија, дијагноза и третман на малиген меланом". Скопје, октомври 2010.
6. „Брза и ефикасна контрола на крварења кај лица со вродена и стекната хемофилија и инхибитори". Штип, октомври 2010.
7. Стручен состанок на тема „Периферна васкуларна болест, дијагноза, третман, превенција". Специјална болница „Филип Втори". Штип, мај 2010.
8. Стручен состанок на тема „Современ менаџмент на остеопороза". Штип, 2010 година.
9. Работилница на тема „Депресивните растројства во ординацијата на лекарот од примарната здравствена заштита". Штип, 2010 година.
10. Стручен состанок на кардиолози на тема „Третман на акутен миокарден инфаркт". Штип, април 2009 година.
11. Работилница на тема „Фармакотерапија во ургентна медицина". Скопје, 2009 година.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Андријана Штерјовска-Алексовска** е родена на 18 август 1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје (Природно-математичка гимназија „Никола Карев" - Скопје, 1994-1998 год.) со одличен успех 5,00. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје се запишува во учебната 1998/1999 год., а дипломира во 2004 год. со просечен успех 9,00 и се здобива со стручен назив доктор на медицина. По успешниот приправнички стаж и положување на стручниот државен испит за доктори на медицина во 2005 год. се здобива со работна лиценца за самостојна работа со пациенти. Истата година се запишува на постдипломски магистерски студии на медицина, област гинекологија и акушерство, а од 2008 год. започнува со специјализација на Катедрата по гинекологија и акушерство при Медицински факултет - Скопје. Од 2008 г. до денес успешно ги извршува работните обврски како помлад асистент на Факултетот за медицински науки - Штип. Изведува практична настава (вежби и консултации) по следните предмети: Гинекологија и акушерство со нега на насоката Дипломирани медицински сестра, Медицинска генетика на насоката Општа медицина, Физиологија ВЗШ на насоките Дипломирани медицински сестри, Физиотерапевти и Лаборанти, Анатомија 1, 2 и 3 на насоката Општа медицина, Анатомија 1 и 2 на насоката Стоматологија, Анатомија ВЗШ на насоките Дипломирани медицински сестри, Физиотерапевти, Лаборанти и Протетичари. Има перфектно познавање на англискиот јазик (Сертификат за напреден англиски јазик од Универзитетот во Кембриџ) и компјутерските вештини (повеќе сертификати).

***Работно искуство***

Еден мандат е вработена како соработник-помлад асистент по клинички медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за медицински науки, распоредена на матична Катедра за гинекологија и акушерство, од 2008 г.

Специјализант во ЈЗУ Универзитетска клиника за опстетриција и гинекологија - Скопје од 2010 г., во ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир" – Скопје, 2009-2010 г. и во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје, 2008-2009 г.

Матичен лекар во ПЗУ Ординација за општа медицина во Скопје, 2007-2008 година.

Семеен лекар во Мировен корпус при Амбасада на САД, 2007 г.

Стручен соработник (медицински претставник) во Авицена дијагностика дооел и ПЗУ Авицена лабораторија - Скопје (имплементатор на PRISCA неинвазивен биохемиски

скрининг на аномалии на плодот во прв и втор триместар од бременоста и Превенција на остеопорозата), 2005-2006 г.

Лекар-волонтер во ПЗУ Специјалистичка ординација за интерна медицина, општа и трудова медицина и биохемиска лабораторија, Скопје, 2005 г.

Предавач и испитувач по прва помош за возачи во Црвен крст - Скопје, 2004-2005 г.

***Награди, учества и стручно усовршување***

Стипендирана од Министерство за образование и наука како талентиран ученик и студент во тек на 10 години, 1994-2004 г.

Студиски престој во 9-та Градска болница - Одеса, Украина, Оддел за интерна медицина, 2003 г.

Бројни конгреси, курсеви, семинари, работилници и стручни состаноци за КМЕ (континуирана медицинска едукација) од областа на гинекологија и акушерство и други области од медицината, 2003-2012 г. (55 сертификати од КМЕ).

Курс по прва помош: СБМО-ООЖ/АНД за спасители од Европскиот совет за ресусцитација организиран од ЈЗУ УКАРИЛ - Скопје, 2006 г.

Медал за најдобри презентациски вештини на курсот Office Management организиран од Мотива, Скопје, 2008 г.

Семинари: Интеркултурно разбирање и решавање конфликти, Комуникациски вештини и UNESCO peer-едукација: ХИВ/СИДА и човекови права на Генералното собрание на IFMSA, 2004 г.

Семинар: Род, здравје и дискриминација од Невладина организација за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (НВО-ЕСЕ), 2004 г.

Семинар: Младите и вработувањето од НВО Форум за интеграција во граѓанско општество (НВО ФИГО), 2005 г.

***Членства***

Лекарска комора на Македонија, Македонско лекарско друштво - Здружение на гинеколози и опстетричари на Македонија, FIGO-International Federation of Gynecology and Obstetrics, Здружение за перинатална медицина на РМ, Македонско здружение за цервикална патологија и колпоскопија, Здружение за хуман папилома вирус на Македонија, Здружение за урогинекологија и реконструктивна пелвична хирургија, Здружение на лекари по општа медицина.

***Список на трудови***


1. Галески Д., Штерјовска-Алексовска А., Мангароски Д., Таушанова Б. Влијание на апликацијата на фибринско лепило и администрацијата на антибиотици кај операции на синус пилонидалис. Physioacta (Journal of the Macedonian Association of Physiologists and Antropologists) Vol. 5/2, 2011.
2. Hadzi-Petrushev N., Mladenov M., Davcheva O., Sterjovska-Aleksovska A., Spasov M., Dodevska D., Stojchevska E., Gjorgoski I. Protective role of vitamins E and C in carbon tetrachloride induced acute liver damage. Balkan Journal of Clinical Laboratory (Journal of the Balkan Clinical Laboratory Federation), Vol. XVII, 2009, Number 1, p. 136.
3. Пргова Б., Атанасов S., Штерјовска-Алексовска А. Синглслајсна VS. мултислајсна КТ во дијагностика на ангиомиолипом на бубрег. 5$^{th}$ Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 2009. p. 42.
4. Пргова Б., Штерјовска-Алексовска А. Улогата на компјутеризираната томографија во дијагностика на примарни и секундарни малигни промени. 5$^{th}$ Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 2009. p. 42-43.
5. Кусакатски С., Штерјовска-Алексовска А., Пргова Б., Зафиров М. Липом на овариум-КТ евалуација (приказ на случај). 5$^{th}$ Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R.Macedonia,2009. p.43.
6. Пргова Б., Штерјовска-Алексовска А. Псоас-апсцес (приказ на случај). 5$^{th}$ Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 2009. p. 43-44.

7. Sterjovska A., Aleksovski G. Comparing Foley's catheter to prostaglandin vaginal tablets in cervical ripening of term pregnancies. 16th European medical students' conference, Charite`, Berlin, Germany, 2005. p. 199.
8. Rendevski V., Mihajlovska A., Shterjovska A., Ljatifi A., Pangovska I., Pangovski I., Jordanoski G., Mangaroski D. Beacopp treatment as salvage therapy in patients with relapsed and/or refractory Hodgkin's disease. 28th International medical scientific congress for students and young doctors, Ohrid, R. Macedonia, 2005. p. 120.
9. Aleksovski G., Sterjovska A. Asymptomatic bacteriuria during gestation. 26th International medical scientific congress for students and young doctors, Ohrid, R. Macedonia, 2003. p. 140-141.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, стручност, компетентност, учество на стручни состаноци, курсеви и семинари, како и објавени трудови, Комисијата заклучи дека кандидатките д-р Марија Караколевска-Илова, д-р Марија Димитровска-Иванова и д-р Андријана Штерјовска-Алексовска ги исполнуваат сите законски критериуми за избор во звање асистент од научно поле/област *клинички медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатките д-р Марија Караколевска-Илова, д-р Марија Димитровска-Иванова и д-р Андријана Штерјовска-Алексовска да се изберат во звање *асистент* за научно поле/област *клинички медицински науки*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор, с.р.**
**Проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Димитровска-Иванова**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Интерна скрипта од вежби** | | | |
| **Патологија со патофизиологија – Јаневска В. Бојаџиева Е, Стефанова М, Димитровска М.** | 1 | 2 | 2 |
| **Наставно-образовна** | | | |
| 1. Вежби 2008/2009 г. | 29 | 0,2 | 5,8 |
| 2. Вежби 2010/2011 г. | 65 | 0.2 | 13 |
| 3. Вежби 2011/2012 г. | 50 | 0.2 | 10 |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| Научнопопуларна статија во стручно-медицинско списание во земјата<br>1. Вродени аномалии на лице и уста - Димитровска-Иванова М., Зисовска Е., Медикус, јануари 2012 г.<br>2. Цистична фиброза: Клиничка презентација, дијагноза и третман – Димитровска-Иванова М, Димитровска Љ., Караколевска-Илова М. прифатено за објавување во априлски број на Медикус 2012 г.<br>3. Карцином на простата – Караколевска-Илова М., Димитровска-Иванова М., прифатено за објавување во априлски број на Медикус 2012. | 1<br>1<br>1 | 1<br>1<br>1 | 1<br>1<br>1 |
| **Вкупно** | | | 33,8 |

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Караколевска - Илова**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| **1. Интерна скрипта од вежби по Хистологија и ембриологија** | 1 | 2 | 2 |
| **2.Интерна скрипта од вежби по Медицинска генетика** | 1 | 2 | 2 |
| **3.Учесник на студентска манифестација**<br>(студентски спортски игри помеѓу универзитетите во Р. Македонија - спортски лекар-2008/2009) | 4 | 1 | 4 |
| **4**.Научно популарна статија во стручно-методско списание<br>1. **Марија Караколевска-Илова,** Марија Д. Иванова.“ Карцином на простата - дијагноза, терапија, препораки „Медикус“<br>2. Марија Д. Иванова, **Марија Караколевска-Илова.** „Цистична фиброза“. Медикус.* | 2 | 1 | 2 |
| **5**.Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација<br>- Ментор на труд на студент за студентски конгрес. Н.Калајџиева. „Даунов синдром во западниот дел на Р. Македонија“ . Студентски конгрес. Охрид | 1 | 1 | 1 |
| 1. Вежби 2008/2009 г. | 20 | 0,2 | 4 |
| 2. Вежби 2009/2010 г. | 30 | 0.2 | 6 |
| 3. Вежби 2010/2011 г. * | 22 | 0.2 | 4.4 |
| 4.Вежби 2011/2012 г. | 37 | 0.2 | 7.2 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјата,концерт во земјата и во странство<br>1. Марија Караколевска, В. Стојменова. Приказ на случај на пациент со напреднат и метастатски (коскени метастази) карцином на простата. Научен мултидисциплинарен собир на онколози, патолози и интернисти. Охрид, декември 2011. | 1.5 | 1.5 | 1.5 |
| **Вкупно** | | | **34.1** |

**Табела за вреднување на активностите на помл. асистент д-р Андријана Штерјовска-Алексовска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| **1.** | **Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат)**<br>- Гинекологија за втор циклус спец. студии 3+4<br>- Акушерство за втор циклус спец. студии 3+4<br>- Постпартални состојби со нега на новородено 2+2<br>- Нега на бремена жена 2+1<br>(вкупно 11 часа вежби) | 4<br>11 | 1<br>0,2 | 4<br>2,2 |
| **2.** | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) за секоја учебна година** | | | |
| | Вежби 2008/2009 г. | 39 | 0,2 | 7,8 |
| | Вежби 2009/2010 г. | 53 | 0,2 | 10,6 |
| | Вежби 2010/2011 г. | 40 | 0,2 | 8 |
| | **Вкупно од НО:** | | | 32,6 |
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ+СУ)** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
| **1.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во останати**<br>- Галески Д., Штерјовска-Алексовска А., Мангароски Д., Таушанова Б. Влијание на апликацијата на фибринско лепило и администрацијата на антибиотици кај операции на синус пилонидалис. Physioacta (Journal of the Macedonian Association of Physiologists and Antropologists) Vol. 5/2, 2011.<br>-Hadzi-Petrushev N., Mladenov M., Davcheva O., Sterjovska-Aleksovska A., Spasov M., Dodevska D., Stojchevska E., Gjorgoski I. Protective role of vitamins E and C in carbon tetrachloride induced acute liver damage. Balkan Journal of Clinical Laboratory (Journal of the Balkan Clinical Laboratory Federation), Vol. XVII, 2009, Number 1, p. 136. | 2 | 3 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство)**<br>**-**Sterjovska A., Aleksovski G. Comparing Foley's catheter to prostaglandin vaginal tablets in cervical ripening of term pregnancies. 16th European medical students' conference, Charite`, Berlin, Germany, 2005. p. 199. | 1 | 2 | 2 |
| **3.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјата)**<br>**-**Rendevski V., Mihajlovska A., Shterjovska A., Ljatifi A., Pangovska I., Pangovski I., Jordanoski G., Mangaroski D. Beacopp treatment as salvage therapy in patients with relapsed and/or refractory Hodgkin's disease. 28th International medical scientific congress for students and young doctors, Ohrid, R. Macedonia, 2005. p. 120.<br>**-**Aleksovski G., Sterjovska A. Asymptomatic bacteriuria during gestation. 26th International medical scientific congress for students and young doctors, Ohrid, R. Macedonia, 2003. p. 140-141. | 2 | 1 | 2 |
| **4.** | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство**<br>**-**Пргова Б., Атанасов S., Штерјовска-Алексовска А. Синглслајсна VS. мултислајсна КТ во дијагностика на ангиомиолипом на бубрег. 5th Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 2009. p. 42.<br>**-**Пргова Б., Штерјовска-Алексовска А. Улогата на компјутеризираната томографија во дијагностика на примарни и секундарни малигни промени. 5th Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 2009. p. 42-43.<br>**-**Кусакатски С., Штерјовска-Алексовска А., Пргова Б., Зафиров М. Липом на оваријум-КТ евалуација (приказ на случај). 5th Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R.Macedonia, 2009. p.43.<br>**-**Пргова Б., Штерјовска-Алексовска А. Псоасапсцес (приказ на случај). 5th Congress of radiologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 2009. p. 43-44. | 4 | 1,5 | 6 |
| **5.** | **Студиски престој во странство** | 1 | 8 | 8 |
| | **Вкупно од НИ:** | | | 24 |

| Ред. број | Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА+ОР) | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Елаборати и експертизи**<br>Изработка на елаборати за специјалистичка ординација по гинекологија и ординација по општа медицина во состав на Универзитетска поликлиника | 2 | 2 | 4 |
| **2.** | **Член на факултетски орган, комисија**<br>комисија за упис на студенти (за прием на документи) комисија за полагање испит | 2 | 2 | 4 |
| | **Вкупно од САОР:** | | | **8** |
| | **ВКУПНО (НО+НИ+САОР):** | **64,6** | | |